## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ПРИНЦИПИ ВО РУДАРСТВОТО” ОД ДОЦ. Д-Р НИКОЛИНКА ДОНЕВА, ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 2202-198/9 од 27 јуни 2014 година на редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки, одржана на 26 јуни 2014 година година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Зоран Десподов, Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип;
- проф. д-р Дејан Мираковски, Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип,

за изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис „**ПРИНЦИПИ ВО РУДАРСТВОТО**” од **доц. д-р Николинка Донева,** наменет за студентите од прв циклус студии на Факултет за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултет за природни и технички науки го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Доставениот ракопис целосно ја покрива Наставната програма по предметот Принципи во рударството на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“. Предметот за којшто е наменета скриптата се слуша во прва година во прв семестар на насока Рударство и насока Геологија, со неделен фонд 2+1+1. Ракописот овозможува запознавање на студентите со најважните принципи во рударството, како стопанска гранка и наука и претставува солидна основа за совладување на предметната програма.

Материјалот е изложен прегледно и концизно, со низа графички прикази, што овозможува полесно да се разбере и усвои од страна на студентите.

Текстот содржи 162 страници систематизирани во 7 поглавја и тоа:

- Вовед;
- Техно - економска оцена на рудните наоѓалишта;
- Рударско - технички услови за експлоатација;
- Основни работни операции при експлоатација на минералните суровини;
- Површинска експлоатација на минерални суровини;
- Подземна експлоатација на минерални суровини;
- Штетни влијанија од рударската дејност врз животната средина.

Во *првото поглавје* е дадено значењето на рударството како стопанска гранка и наука, даден е краток осврт на рударството во минатото и се изложени основните принципи на рударско-геолошките истражувања, како појдовна основа за рударската индустрија.

Во *второто поглавје* е разработена техно-економската оцена на рудните наоѓалишта. Овде најнапред се даваат дефиниции и појаснувања на рударските поими, а потоа се опишани карактеристиките и оценката на рудните наоѓалишта.

Во *третото поглавје* со наслов *Рударско-технички услови за експлоатација* се опишани геолошките карактеристики на наоѓалиштата и придружните карпи и тоа: морфолошката градба, тектонските карактеристики, елементите на залегнување на рудните тела, дадена е и поделбата на карпите според нивното настанување и степенот на

кохезија. Потоа се разработени стабилноста на косините и подземниот притисок, кој се јавува во подземната експлоатација на минерални суровини.

Во *четвртото поглавје* со наслов *Основни рударски операции при експлоатација на минералните суровини* детално се разработени следниве работни операции:

- дупчење,
- минирање,
- вентилација
- откопување и товарање,
- транспорт и
- подградување.

Во *петтото поглавје* со наслов *Површинска експлоатација на минерални суровини* многу сликовито и детално е опишана технологијата на површинска експлоатација на минерални суровини.

Во *шестото поглавје,* кое авторот го нарекува *Подземна експлоатација на минерални суровини* на еден систематичен начин се разработени методите за подземно откопување на минералните суровини, со голем број цртежи и детали.

*Седмото поглавје* наловено како *Штетни влијанија од рударската дејност врз животната средина* ги презентира штетните влијанија на рударската дејност врз работната и животната средина. Овде се опишани климатските промени, влијанието врз амбиенталниот воздух, влијанието врз водите и почвите, бучавата и деградацијата на земјиштето.

Овој ракопис по содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

## З А К Л У Ч О К

Имајќи го предвид изложеното, на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип со задоволство му препорачуваме ракописот „Принципи во рударството“ од авторот доц. д-р Николинка Донева да го прифати како рецензирана скрипта по истоимениот предмет.

**Рецензенти**

**Д-р Зоран Десподов, редовен проф.,с.р.**
**Д-р Дејан Мираковски, вонреден проф.,с.р.**